Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх. Бр./Nr.Arh. Уп1 11/4 875/2020

Дата:/Data 18 -12- 2020 год./viti

ДО/DERI TE: Директор на Управа за животна средина
Hisen Xhemaili
-тука-

**ПРЕДМЕТ/LENDA:** Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата за оцена на влијанието врз животна средина за проект: Интерконективен гасовод Северна Македонија - Грција

Почитуван,
Të nderuar,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина (Службен весник на Република Македонија бр.33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проект: Интерконективен гасовод Северна Македонија - Грција, поднесено од страна на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности "Национални Енергетски Ресурси" Скопје во државна сопственост,на ден 04.12.2020 година изготви


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

# ИЗВЕШТАЈ

за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проект: Интерконективен гасовод Северна Македонија - Грција.

Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина, врз основа на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проект: Интерконективен гасовод Северна Македонија - Грција, изработена од "ТЕХНОЛАБ" ДОО од Скопје и м-р Магдалена Трајковска Трпевска како одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина и експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина, за потребите на инвеститорот Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности "Национални Енергетски Ресурси" Скопје во државна сопственост.

Целта на проектот е изградба на магистрален гасовод како внатрешен транспортен систем од челични цевки со висок работен притисок низ кој ќе се транспортира природен гас од мерно-регулациони станици до приклучокот на гасноддистрибутивната мрежа во градовите и/или индустриски и други постројки на големите корисници на гас во Република Северна Македонија. Трасата на гасоводот поминува низ општините: Гевгелија, Богданци, Демир Капија и Неготино. Површината на опфатот изнесува 168,53 ха.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: почва, површински и подземни води, квалитет на воздух, климатски промени, создавање на отпад, бучава и вибрации, биодиверзитет, заштитени подрачја, предел и визулени ефекти, демографија, кумулативни влијанија и прекугранични влијанија. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување, спречување и ублажување на влијанијата во фаза на изградба и оперативна фаза и мониторинг план за животната средина во глава 7, глава 8 и глава 9 од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина кои според наша оцена се соодветни и апликативни.

- Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: Интерконективен гасовод Северна Македонија - Грција, му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот: Интерконективен гасовод Северна Македонија - Грција, во согласност со укажувањата од Комисијата за изработка


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

на извештајот за соодветноста на студијата за ОВЖС со предложените мерки за спречување и намалување на влијанија врз животната средина и природата.

**Комисија:**

1. Билјана Петкоска ____________________
2. Александар Петковски ____________________
3. Дејана Тодоровска ____________________
4. Илбер Мирта ____________________
5. Даниела Ристова ____________________
6. Владо Атанасовски ____________________


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

## Извештај за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот

| 1. ОПИС НА ПРОЕКТОТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр. | Преглед на прашања | Релевантно? | Соодветно или несоодветно обработено? | Кои понатамошни информации се потребни? |
| **Цели и физички карактеристики на проектот** | | | | |
| 1 | Дали се објаснети целите на проектот и потребата од таков проект? | Да | Соодветно | |
| 2 | Дали е опишана програмата за изведување на проектот, со детална проценка на времетраењето, почетокот и крајот на градењето, работата и престанувањето со работа. (овде треба да се вклучени сите фази на различните активности кои се дел од проектот, на пр. фазите на ископување кај рударските активности) | Да | Соодветно | |
| 3 | Дали се опишани главните медиуми на проектот? | ДА | Соодветно | |
| 4 | Дали е определена локацијата на проектот и сите негови медиуми со користење на мапи, планови и дијаграми доколку е потребно? | Да | Соодветно | |
| 5 | Дали е опишан распоредот на просторот на кој се наоѓа проектот? (згради, подземни работи, складишта, водоснабдување, пристапни коридори, граници) | Да | Соодветно | |
| 6 | За линиските проекти, дали се објаснети патот на коридорот, вертикалната и хоризонталната поставеност, прокопувањата и земјени работи? | | | |
| 7 | Дали се објаснети активностите кои се вклучени во градењето на проектот? | Да | Соодветно | |
| 8 | Дали се опишани сите активности кои се одвиваат за време на работењето на проектот? | Да | Соодветно | |
| 9 | Дали се опишани активностите кои се вклучени во престанокот на работата на проектот? (на пр. затварање,расклопување, разурнување, | Да | Соодветно | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | чистење, обновување, пренамена итн.) | | | |
| 10 | Дали се опишани сите дополнителни услуги потребни за проектот? (пристап, вода, одвод, одлагање на отпад, струја, телефон, како и патишта,цевки, напојување со струја) | Да | Соодветно, | |
| 11 | Дали се развило нешто друго како последица на проектот? (на пр. нови куќи, патишта, инфраструктура за довод и одвод на вода, водоводна и одводна инфраструктура) | Да | Соодветно | |
| 12 | Дали некои од постоечките активности ќе се изменат или ќе престанат како последица на проектот? | Да | Соодветно | |
| 13 | Дали со некои од постоечките или планираните активности проектот би можел да има кумулативен ефект? | Не | Соодветно | |
| | **Големина на проектот** | | | |
| 14 | Дали е измерено и прикажано на мапа земјиштето на кое се протегаат сите постојани медиуми на проектот? | Да | Соодветно | |
| 15 | Дали е измерено и прикажано на мапа земјиштето кое е потребно привремено да се користи? | Да | Соодветно | |
| 16 | Дали е опишана понатамошната употребата на земјиштето кое се користи привремено во работењето на проектот?(земјиште кое се употребува ископување руда, кршење камен или вадење песок) | Да | Соодветно | |
| 17 | Дали е определена големината на други градби кои се развиле како дел од проектот? (најниската површина и висината на зградите, големина на ископините, големина и висина на постројката, висина на конструкции како насип/канал, мостови на оџаци, течение и понирање на вода) | Не | Соодветно | |
| 18 | Дали е опишана формата и изгледот на сите градби и други работи кои се развиле како дел од проектот? (видот и бојата на материјалите архитектонски дизајн на градбите, видови на постројки, итн) | Не | Соодветно | |
| 19 | Кај проектите за урбанизација и развој, дали е даден бројот како и карактеристиките на новото население и | Не | Соодветно | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | работните организации? | | | |
| 20 | Кај проекти кај кои е предвидено да се дислоцираат луѓе или бизниси, дали е даден нивниот бројот и карактеристики. | Не | Соодветно | |
| 21 | Кај сообраќајните инфраструктурни проекти, како и кај проекти кои создаваат значителен сообраќај, дали е опишан видот, обемот, патеката и географскиот распоред на новиот сообраќај кој се создава или е пренасочен како последица од проектот? | Не | Соодветно | |
| **Производни процеси и користени ресурси** | | | | |
| 22 | Дали се опишани сите процеси вклучени во работата на проектот? (производствени или технички процеси, производство на примарни суровини, земјоделски и шумарски методи на производство, процеси на екстракција) | Да | Соодветно | |
| 23 | Дали се опишани видовите и количината на производите од проектот? (примарни суровини или обработени производи, материјални добра како што е струјата или водата, или услуги како домови, транспорт, училишта, рекреација, комунални услуги итн.) | Не | Соодветно | |
| 24 | Дали е разговарано околу видот и количината на суровини и енергија кои се потребни во изградбата и работењето? | Да | Соодветно | |
| 25 | Дали е разговарано за последиците врз животната средина од користењето на суровините? | Да | Соодветно | |
| 26 | Дали е разговарано за употребата на енергија и видот на материјалите? | Да | Соодветно | |
| 27 | Дали се определени и измерени опасни материјали кои се употребувале, чувале и произведувале од проектот ?<br>за време на градба<br>за време на работа<br>за време на активностите за престанок со работа | Не | Соодветно | |
| 28 | Дали е разговарано за транспортот на суровини до проектот и колку пати транспортот би бил потребен? (вклучувајќи патен, железнички и морски транспорт) | Да | Соодветно, | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за време на градба<br>за време на работа<br>за време на активностите за престанок со работа | | | |
| 29 | Дали се создаваат или затвораат работни места како последица од проектот?<br>за време на градба<br>за време на работа<br>за време на активностите<br>за престанок со работа | Да | Соодветно | |
| 30 | Дали е уреден пристапот и дали е извршена проценка на бројот на превози кои би биле потребни за довезување на работниците и посетителите до проектот?<br><br>за време на градба<br>за време на работа<br>за време на активностите за престанок со работа | Не | Соодветно, | |
| 31 | Дали е разговарано за обезбедување на домови и други услуги на привремените или постојаните вработени на проектот? | Не | Соодветно | |
| **Отпад и емисии** | | | | |
| 32 | Дали се определени видовите и количините на цврст отпад создадени од проектот? (вклучувајќи и отпад од градењето и разурнувањето, расипан вишок, процесиран отпад, нуспродукти, вишок или одбиени производи, комерцијален отпад, земјоделски или шумарски отпад итн) за време на градба<br><br>за време на работа<br>за време на активностите за престанок со работа | Да | Соодветно | |
| 33 | Дали е разговарано за составот и токсичноста или за другите опасности од цврстиот отпад создаден од страна на проектот? | Да | Соодветно | |
| 34 | Дали се опишани методите за собирање, чување, третирање, транспортирање и конечно одлагање на овој цврст отпад? | Да | Соодветно | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 35 | Дали е разговарано за местото на конечно одлагање на отпадот? | Да | Соодветно, | |
| 36 | Дали се определени видот и количеството на ефлуенти создадени од проектот? (вклучувајки дренажа и истекување, ладење на водата, третирани ефлуенти, отпадоци)<br>за време на градба<br>за време на работа<br>за време на активностите за престанок со работа | Да | Соодветно, | |
| 37 | Дали е разговарано за составот и токсичноста или за другите опасности од ефлуентите создадени од страна на проектот? | Да | Соодветно | |
| 38 | Дали се опишани методите за собирање, чување, третирање, транспортирање и конечно одлагање на овие ефлуенти? | Да | Соодветно | |
| 39 | Дали е разговарано за местото на конечно одлагање на ефлуентот? | Да | Соодветно | |
| 40 | Дали се определени видот и количината на емисии во воздухот создадени од проектот? (вклучувајки и преработени емисии, фугитивни емисии, емисии од согорување на фосилни горива, емисии од сообраќај, прашина, мириси)<br>за време на градба<br>за време на работа<br>за време на активностите<br>за престанок со работа | Да | Соодветно | |
| 41 | Дали е разговарано за составот и тосичноста или за другите опасности од емисиите во воздухотсоздадени од страна на проектот? | Да | Соодветно | |
| 42 | Дали се опишани методите за собирање, третирање, и конечно одлагање на отпадот | Да | Соодветно | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | добиен со контрола на овие емисии во воздух? | | | |
| 43 | Дали се определени местата за испушатње на емисиите во воздух и нивните карактеристики? (брзина и температура на испуштање) | Да | Соодветно | |
| 44 | Дали е обработена можноста за искористување на материјалите од отпадот? (вклучувајќи повторна употреба, рециклирање или обновување на енергијата со употреба на цврст отпад и ефлуенти) | Да | Соодветно | |
| 45 | Дали се определени изворите на бучава, топлина, светлина или електромагнетна радијација кои потекнуваат од проектот и која е нивната количина? (вклучувајќи опрема, процеси, градежни работи, сообраќај, осветлување итн.) | Да | Соодветно | |
| 46 | Дали се определени методите за пресметување на количините и составот на сите остатоци и емисии, дали имало некои потешкотии околу тоа за кои е разговарано? | Да | Соодветно | |
| 47 | Дали е вклучена несигурноста при проценките на отпад и емисии? | Да | Соодветно | |
| **Ризици од несреќи и опасности** | | | | |
| 48 | Дали е разговарано за ризиците кои потекнуваат од проектот?<br>- ризик од користење на опасни материи<br>- ризик од ширење на пожар и експлозии<br>- ризик од сообраќајни несреќи<br>- ризик од дефект или оштетување на процесот или просториите<br>- ризик од изложеност на проектот на природни катастрофи (земјотрес, поплава, лизгање на земјиште итн.) | Да | Соодветно | |
| 49 | Дали се опишани мерките за спречување на несреќи и реагирање во итни случаи? (превентивни мерки, обука, планови за вонредни состојби, планови за итни состојби итн.) | Да | Соодветно | |
| **Други прашања за опис на проектот** | | | | |
| 50 | Прашања што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги смета за | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | добиен со контрола на овие емисии во воздух? | | | |
| 43 | Дали се определени местата за испушатње на емисиите во воздух и нивните карактеристики? (брзина и температура на испуштање) | Да | Соодветно | |
| 44 | Дали е обработена можноста за искористување на материјалите од отпадот? (вклучувајќи повторна употреба, рециклирање или обновување на енергијата со употреба на цврст отпад и ефлуенти) | Да | Соодветно | |
| 45 | Дали се определени изворите на бучава, топлина, светлина или електромагнетна радијација кои потекнуваат од проектот и која е нивната количина? (вклучувајќи опрема, процеси, градежни работи, сообраќај, осветлување итн.) | Да | Соодветно | |
| 46 | Дали се определени методите за пресметување на количините и составот на сите остатоци и емисии, дали имало некои потешкотии околу тоа за кои е разговарано? | Да | Соодветно | |
| 47 | Дали е вклучена несигурноста при проценките на отпад и емисии? | Да | Соодветно | |
| **Ризици од несреќи и опасности** | | | | |
| 48 | Дали е разговарано за ризиците кои потекнуваат од проектот?<br>- ризик од користење на опасни материи<br>- ризик од ширење на пожар и експлозии<br>- ризик од сообраќајни несреќи<br>- ризик од дефект или оштетување на процесот или просториите<br>- ризик од изложеност на проектот на природни катастрофи (земјотрес, поплава, лизгање на земјиште итн.) | Да | Соодветно | |
| 49 | Дали се опишани мерките за спречување на несреќи и реагирање во итни случаи? (превентивни мерки, обука, планови за вонредни состојби, планови за итни состојби итн.) | Да | Соодветно | |
| **Други прашања за опис на проектот** | | | | |
| 50 | Прашања што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги смета за | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | потребни | | | |
| | ... | | | |

| 2. ЗЕМАЊЕ ПРЕДВИД НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА ПРОЕКТОТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали е опишан процесот со помош на кој проектот е развиен(реализиран) и дали се опишани алтернативите кои биле земени во предвид во текот на реализирањето на проектот (доколку се можни алтернативни решенија)? | Да | Соодветно | |
| 2 | Дали е опишана основата на состојбата во случај кога не би дошло до реализација на проектот? | Да | Соодветно | |
| 3 | Дали се алтернативите реални и оправдани(оргинални) алтернативе за проектот? | Да | Соодветно | |
| 4 | Дали се објаснети причините за изборот на предложениот проект, вклучувајќи ги и причините поврзани со животната средина? | Да | Соодветно | |
| 5 | Дали се споредени главните влијанија врз животната средина од алтернативите со оние на предложениот проект? | Да | Соодветно | |
| **Други прашања во врска со алтернативите на проектот** | | | | |
| | ... | | | |

| 3. ОПИС НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗАСЕГНАТА ОД ИЗВЕДУВАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Аспекти на животната средина** | | | | |
| 1 | Дали е опишано постојното користење на земјиштето и неговата околина на кое би се изведувал проектот и дали на земјиштето живеат или го користат луѓе? (вклучувајќи резиденцијално, комерцијално, индустриско, земјоделско и друго користење на замјиштето) | Да | Соодветно | |
| 2 | Дали е објаснета геологијата, топографијата и почвите на земјиштето на кое би се изведувал проектот? | Да | Соодветно | |
| 3 | Дали некои значајни карактеристики на топографијата или геологијата на областа се опишани и дали се условите и употребата на почвите објаснети? (вклучувајќи квалитет на почвите, ерозија, земјоделска употреба и квалитет) | Да | Соодветно | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Дали фауната и флората и живеалиштата на земјиштето на кое се изведува проектот и околината се опишани и прикажани на соодветни мапи? | Да | Соодветно | |
| 5 | Дали населеноста на видовите и карактеристиките на живеалиштата се засегнати од изведувањето на проектот и дали се дефинирани некои заштитени видови или подрачја? | Да | Соодветно | |
| 6 | Дали е опишан водниот дел од животната средина на областа? (вклучувајќИ истечни и статични, површински воид, подземни воид, притоки, сливно подрачје, крајбрежни води, вклучувајќИ истекување и дренажа) | Да | Соодветно | |
| 7 | Дали е опишана хидрологијата, квалитетот на водата и употребата на водните ресурси кои можат да бидат засегнати од изведувањето на проектот? | Да | Соодветно | |
| 8 | Дали се опишани локалните климатски и метеролошки услови и постојниот квалитет на воздухот во областа? | Да | Соодветно | |
| 9 | Дали е опишана бучавата? | Да | Соодветно | |
| 10 | Дали е опишана постојната состојба во смисла на светлина, топлина и електромагнетна радијација? | Да | Соодветно | |
| 11 | Дали постојат и дали се опишани материјални добра во областа кои би биле засегнати од изведувањето на проектот? (вклучувајќи згради, други градби, минерални и водни ресурси) | Да | Соодветно | |
| 12 | Дали поради изведување на проектот би дошло до поделување на археолошки, историски, архитектонски или други општествени или културни знаменистости како и заштитени подрачја во областа? | Не | Соодветно | |
| 13 | Дали се опишни пределот или урбана средина што би биле засегнати од проектот? | Да | Соодветно | |
| 14 | Дали се опишни демографските и социоекономските услови (вработеност) во областа? | Да | Соодветно | |
| 15 | Дали се опишани идните промени во горе наведените аспекти на животната средина кои можат да настанат во отсуство на проектот? | Да | Соодветно | |
| **Прибирање на податоци и испитувачки методи** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16 | Дали проучуваната област е доволно широко дефинирана и ги вклучува сите области кои би биле засегнати од изведувањето на проектот? | Да | Соодветно | |
| 17 | Дали се контактирани сите релевантни национални и локални авторитети со цел да се соберат информации за основните карактеристики на животната средина? | | | |
| 18 | Дали се адекватно назначени изворите на податоци и информации за основните карактеристики на животната средина? | Да | Соодветно | |
| 19 | Доколку во подготовката на студијата за оцеана на влијанието врз животната средина се употребувани испитувачки методи, дали се појавиле тешкотии или некои несигурности во податците? | | | |
| 20 | Дали користените методи се соодветни за постигнување на целта? | | | |
| 21 | Дали се идентификувани некои важни недостатоци во податоците за животната средина и начините кои се употребени за справување со истите за време на оцената? | Да | Соодветно | |
| 22 | Доколку има потреба од испитување со цел да се определат основните карактеристики на животната средина, но тие испитувања не се практични од било која причина, дали причината за тоа е наведена и дали е предложено испитувањата да се извршат во некоја подоцнежна фаза? | Да | Соодветно | |
| **Други прашања во врска со описот на животната средина?** | | | | |
| | | | | |
| **4. ОПИС НА МОЖНИ ЗНАЧИТЕЛНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПРОЕКТОТ** | | | | |
| **Обем на влијанијата** | | | | |
| 1 | Дали е опишана постапката со која се определува обемот на студијата за оцена на влијанието врз животната средина? | Да | Соодветно | |
| 2 | Дали е очигледно дека е усвоен систематски пристап кон определување на обемот? | Да | Соодветно | |
| 3 | Дали е очигледно дека беше спроведена комплетна консулатција во текот на утврдувањето на обемот? | Да | Соодветно | |
| 4 | Дали се презентирани коментарите и | Да | Соодветно | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | гледиштата на консултираните страни? | | | |
| **Предвидување на директните влијанија** | | | | |
| 5 | Дали соодветно се проценети и опишани директните, основни ефекти на користењето на земјиште и луѓето? | Да | Соодветно | |
| 6 | Дали соодветно се проценети и опишани директните, основни ефекти на геолошки видови и карактереистики на почвата? | Да | Соодветно | |
| 7 | Дали соодветно се проценети и опишани директните, основни ефекти на флората и фауната и живеалишта? | Да | Соодветно | |
| 8 | Дали соодветно се проценети и опишани директните, основни ефекти на хидрологијата и квалитетот на водата во водените живелишта? | Да | Соодветно | |
| 9 | Дали соодветно се проценети и опишани директните, основни ефекти од употребата на водениот дел од животната средина ? | Да | Соодветно | |
| 10 | Дали соодветно се проценети и опишани директните, основни ефекти на квалитетот на воздухот и климатските услови? | Да | Соодветно | |
| 11 | Дали соодветно се проценети и опишани директните, основни ефекти на бучавата и вибрациите? | Да | Соодветно | |
| 12 | Дали соодветно се проценети и опишани директните, основни ефекти на топлината, светлината или електромагнетаната радијација? | Не | Соодветно | |
| 13 | Дали се опишани директните, основни ефекти на материјалните добра и осиромаШување на необновливите природни ресурси(т.е фосилни горива, минерали? | Да | Соодветно | |
| 14 | Дали се опишани директните, основни ефекти на локацијата или видот на културните наследства? | Да | Соодветно | |
| 15 | Дали се опишани и соодветно илустрирани директните, основни ефекти на квалитетот на пределот и неговиот видлив дел и пристапите за набљудување? | Да | Соодветно | |
| 16 | Дали соодветно се измерени и опишани директните, основни ефекти на демографијата, социјалните и социо-економските услови во областите? | Да | Соодветно | |

| Предвидување на секундарните, привремени, краткорочни, долгорочни, ненадејни, индиректни, кумулативни влијанија | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17 | Дали се опишани и соодветно проценети секундарните ефекти на горенаведените аспекти во животната средина предизвикана со примарните ефекти на другите аспекти?(ефекти врз фауна, флора и живеалишта предизвикани од загадување на почва, вода и воздух или бучава) | Да | Соодветно | |
| 18 | Дали се опишани привремените, краткорочните ефекти предизвикани во текот на градбата или во текот на временски ограничените фази во проектните операции со престанокот со работа? | Да | Соодветно | |
| 19 | Дали се опишани постојаните ефекти врз животната средина предизвикани со градењето, операциите и престанокот со работа на проектот? | Да | Соодветно | |
| 20 | Дали се опишани долгорочните ефекти врз животната средина предизвикани во текот на целосното времетраење на проектните операции или предизвикани со надоградување на загадувачките материи во животната средина? | Да | Соодветно | |
| 21 | Дали се проценети и соодветно опишани ефекти кои може да бидат предизвикано со несреќни случаи, неприродни настани или изложеност на проектот на природни или предизвикани од човек непогоди? | Да | Соодветно | |
| 22 | Дали се опишани влијанијата врз животната средина предизвикани со дополнителни активности на главниот проектот?(дополнителните активности се дел од проектот меѓутоа најчесто се изведуваат далеку од локацијата на главниот проект, на пр. инфраструктура за пристап до проектот, сообраќај, снабдување со електрична енергија, суровини и др.) | Да | Соодветно | |
| 23 | Дали се опишани индиректните влијанија врз животната средина од активностите кои настанале како последица на главниот проект?(последиците се третираат како посебен проект, а не како составен дел од | Да | Соодветно | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | главниот проект, активности кои биле испровоцирани со имплементација на главниот проект т.е услуги, обезбедување на домови за новото население итн.) | | | |
| 24 | Дали се опишани кумулативните влијанија врз животната средина на предизвикани од проектот заедно со другите постоечки и планирани активности во областа? (различни идни сценарија, вклучувајќи и сценарио за најлош можен случај да се опише) | Не | Соодветно | |
| 25 | Дали се определени географското простирање, времетраење, фреквенција , реверзибилност и веројатност од случување за секој ефект посебно? | Да | Соодветно | |
| **Предвидување на ефектите врз човековото здравје и врз прашањата на одржливиот развој** | | | | |
| 26 | Дали се опишани и каде што е возможно измерени примарните и секундарните ефекти врз човечкото здравје? (на пр. ефекти врз здравјето предизвикани од испуштање на токсични супстанци во животната средина, ризици по здравјето кои произлегуваат од опасности/штетност во врска со изведувањето на проектот, ефекти предизвикани од промени во векторите на болестите предизвикани од проектот, промени во животните услови, ефекти врз вулнерабилни групи) | Да | Соодветно | |
| 27 | Дали онаму каде што е потребно се дискутирани влијанијата на биодиверзитетот, глобалните климатски промени и одржливиот развој? | Да | Соодветно | |
| **Процена на значителноста на влијанијата** | | | | |
| 28 | Дали значителноста на секој од предвидените влијанија е дискутирана во однос на неговата усогласеност со правните барања и дали се засегнати бројот, важноста и осетливоста на луѓето, ресурсите или некои други рецептори? | Да | Соодветно | |
| 29 | Каде што влијанијата се проценувале спротивно на правните стандарди или барања дали се користените и следени соодветни локални, национални или интернационални стандарди и релевантни водичи? | Да | Соодветно | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 30 | Дали се опишани позитивните и негативните влијанија врз животната средина? | Да | Соодветно | |
| 31 | Дали е јасно опишана значителноста на секое влијание? | Да | Соодветно | |
| **Методи на оцена на влијанието** | | | | |
| 32 | Дали се опишани методите кои се употребени за предвидување на влијанијата и причините за нивниот избор, и дали се дискутирани појавените проблем и несигурности на добиените резултати? | | | |
| 33 | Доколку има несигурности на деталите на проектот и нивното влијание врз животната средина, дали е предвиден најлошиот можен случај? | | | |
| 34 | Доколку има тешкотии при собирање на податоци кои се потребни за предвидување или процена на влијанијата, дали тие тешкотии се согледани и дали се дискутирани нивните импликации врз резултатите? | | | |
| 35 | Дали основите за проценка на значителноста и важноста на влијанијата се јасно опишани? | Да | Соодветно | |
| 36 | Дали влијанијата се опишани во случај кога сите предложени мерки за намалување се имплементирани т.е. дали се опишани влијанијата од отпадот? | Да | Соодветно | |
| 37 | Дали секое влијание се третира на начин кој соодветствува на неговата важност при добивањето на дозвола / согласност за изведување на влијанието? Дали дискусијата се фокусира на клучните работи и дали ги избегнува нерелевантните и непотребните информации? | | | |
| 38 | Дали се дава соодветно значење на најнеповолните влијанија од проектот со помал акцент на помалку значителните влијанија? | | | |
| **Други прашања во врска со описот на влијанијата** | | | | |
| | | | | |

| 5. ОПИС НА МЕРКИТЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЈАТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Во случај на значително неповолно влијание врз животната средина, дали е разговарано за начинот на намалување на ваквото влијание? | Да | Соодветно | |
| 2 | Дали се јасно опишани мерките кои инвеститорот ги предлага за намалување на влијанијата и дали е јасно објаснет нивниот ефект на големината и значителноста на влијанијата? | Да | Соодветно | |
| 3 | Да се наведе доколку ефектот од мерките за намалување на интензитетот и значителноста на влијанијата не е сигурен. | | | |
| 4 | Дали е јасно дека инвеститорот има обврска да ги имплементира предложените мерки за намалување или дека мерките за намалување се само предлози и препораки? | Да | Соодветно | |
| 5 | Дали се објаснети причините зошто инвеститорот ги одбрал тие мерки за намалување? | Да | | |
| 6 | Дали е јасно дефинирано кој има обврска да ги спроведува и финансира мерките за намалување? | Да | Соодветно | |
| 7 | Доколку не е практично да се применуваат мерки за намалување или инвеститорот не предложил такви мерки, да се наведат причините за тоа. | | | |
| 8 | Дали е јасно/евидентно дека инвеститорот ги земал предвид сите можни начини за намалување вклучувајќи и мерки за намалување и избегнување на влијанијата преку алтернативни стратегии или локации, промени во дизајнот и поставеноста на проектот, промени во методите и процесите, третман по процесот, промени во имплементацијата на плановите и управувањето, мерки за репарација и поправање на влијанијата и мерки за компензација на влијанијата. | Да | Соодветно | |
| 9 | Дали се препорачани мерки за мониторинг и управување со влијанијата од отпадот? | Да | Соодветно | |
| 10 | Дали има негативни ефекти од предложените мерки за управување? | Не | Соодветно | |
| **Други прашања за мерките за намалување** | | | | |

| 6. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали во студијата за оцена на влијанијата од проектите врз животната средина е вклучено нетехничко резиме? | Да | Соодветно | |
| 2 | Дали резимето содржи концизен, но разбирлив опис на проектот, неговата животна средина, влијанијата од проектот врз животната средина, и предложените мерки за намалување? | Да | Соодветно | |
| 3 | Дали во резимето се потенцирани значителни неизвесности во врска со влијанието на проектот врз животната средина? | Да | Соодветно | |
| 4 | Дали резимето ја објаснува постапката за добивање дозвола/согласност за реализација на проектот(на пр. дозвола за градба) и каква е улогата на оцената на влијанието врз животната средина во тој процес? | Да | Соодветно | |
| 5 | Дали резимето дава краток опис на пристапот кон изведување на оцена на влијанието од проектот врз животната средина? | Да | Соодветно | |
| 6 | Дали е резимето напишано со нетехнички јазик, со избегнување на технички термини, детални податоци и научни дискусии? | Да | Соодветно | |
| 7 | Дали би било разбирливо за нестручен/лаик член на јавноста? | Да | Соодветно | |
| **Други прашања во врска со нетехничкото резиме** | | | | |
| | ... | | | |
| | | | | |

| 7. КВАЛИТЕТ НА ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали студијата за оцена на влијанието од проектите врз животната средина е достапна во еден или повеќе јасно дефинирани документи? | Да | Соодветно | |
| 2 | Дали се документите логички организирани и јасно структуирани за читачот да може лесно да ја лоцира бараната информација? | Да | Соодветно | |
| 3 | Дали има содржина на почетокот на | Да | Соодветно | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | документот? | | | |
| 4 | Дали има јасен опис на постапката која е следена? | Да | Соодветно | |
| 5 | Дали е презентацијата јасна, но концизна избегнувајќи ги ирелевантните податоци и информации? | Да | Соодветно | |
| 6 | Дали презентацијата се служи со табели, графикон /дијаграми,мапи, фотографии и др. | Да | Соодветно | |
| 7 | Дали презентацијата се служи со прилози кои овозможуваат да се презентираат податоци кои не се суштински за разбирање на главниот текст? | Да | Соодветно | |
| 8 | Дали сите анализи и заклучоци се адекватно поткрепени со податоци и докази? | | | |
| 9 | Дали се наведени сите извори на податоци? | Да | Соодветно | |
| 10 | Дали е користена иста терминологија низ целиот текст? | Да | Соодветно | |
| 11 | Дали се чита како еден документ со упатувања помеѓу деловите кои му помагаат на читателот полесно да се снајде во текстот? | Да | Соодветно | |
| 12 | Дали е презентацијата доволно демонстративна и најмногу што може непристрасна и објективна? | Да | Соодветно | |
| **Други прашања во врска со квалитетот на презентацијата?** | | | | |
| | ... | | | |